Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

– декан
– огласна табла
– раковод. на инст.
– web site
– e-mail

Министерство за образование и наука

Бр. 12-51/1
05-01-2010 год

Мито Хаџивасилев Јасмин 6.6,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел: (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Сајт: www.mon.gov.mk

До
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 11-01-2010
Орг. Един. 07 | Број 40/1 | Прилог: | Вредност:

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Во насока на подобрување на научно–истражувачката и зајакнување на апликативната инфраструктура на јавните високообразовни установи и јавните научни установи, Владата на Република Македонија започнува со реализација на Програмата за опремување за лаборатории на државните високообразовни установи и јавни научни установи.

Програмата ќе биде спроведена од страна на Министерството за образование и наука и за таа цел во Буџетот на Република Македонија за 2010 година се отвори посебна владина буџетска програма, во рамките на буџетот на Министерството за образование и наука.

За набавка на опремата за лаборатории, Министерството за образование и наука ќе спроведе тендерска постапка во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2007 и 130/2008).

По тој повод, Министерството за образование и наука во дневните весници Вечер и Lajm од 30.12.2009 година објави повик за изразување на интерес, со кој ги покани сите заинтересирани субјекти да достават елаборат со технички спецификации за набавка на опрема за лаборатории.

Во име на развојот и квалитетот на научно–истражувачката и апликативната дејност на државните установи, Министерството за образование и наука ги охрабрува заинтересираните субјекти да ја достават потребната документација најдоцна до 20.01.2010 година со цел непречено спроведување на процесот на евалуација.

За таа цел, неопходно е дописот да го доставите на внимание на академскиот и научно–истражувачкиот кадар во рамките на вашата високообразовна установа како би можеле благовремено да ја подготват и достават потребната документација.

Согласно огласот Доставените проекти од страна на институциите за создавање нови и опремување на постоечките научно–истражувачки лаборатории треба да ги содржат следниве елементите за апликација:

- институција;

- назив на лабораторијата;
- Раководител или претставник од лабораторијата;
- образложение на потребата од основање нова лабораторија;
- вид на лабораторија;
- намена;
- апликативност за научноистражувачки и практични цели;
- човечки ресурси (постојни и потребни);
- основна спецификација на опремата;
- главни целни области и приоритети на лабораторијата;
- соработка со други научни институции при употребата на лабораторијата и потенцијални корисници,
- основни финансиски параметри (проценка за потребните финансиски средства за набавка на предложената опрема);
- биографија на раководителот на проектот.

Секоја техничка спецификација треба да биде потпишана од раководител или претставник од лабораторијата и овластениот претставник на институцијата, и истата да има печат на институцијата.

Со надеж за успешно спроведување на оваа извонредно значајна програма за развојот на науката во нашата земја ви благодариме на соработката.

Со почит,

Прилог: копија од објавениот оглас

МИНИСТЕР,

Никола Тодоров

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2 СКОПЈЕ

Доставено до:
- примач
- архива

изготвил: Улијана Балевска

прегледал: Борчо Алексов

одобрил: м-р Снежана Билиќ-Сотироска

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на Програмата на Владата на Република Македонија за опремување на лабораториите за државните универзитети и јавните научни установи, Министерството за образование и наука ги поканува сите заинтересирани субјекти да доставаат елаборат со технички спецификации за набавка на опрема за лаборатории.

Доставените проекти од страна на институциите за создавање нови и опремување на постоечките научно истражувачки лаборатории треба да ги содржат следниве елементите за апликација:

- институција
- назив на лабораторијата
- раководител или претставник од лабораторијата
- образложение на потребата од основање нова лабораторија
- вид на лабораторија
- намена
- апликативност за научноистражувачки и практични цели
- човечки ресурси (постојни и потребни)
- основна спецификација на опремата
- главни целни области и приоритети на лабораторијата
- соработка со други научни институции при употребата на лабораторијата и потенцијални корисници,
- основни финансиски параметри (проценка за потребните финансиски средства за набавка на предложената опрема)
- биографија на раководителот на проектот.

Секоја техничка спецификација треба да биде потпишана од раководител или претставник од лабораторијата и овластениот претставник на институцијата, и истата да има печат на институцијата.

Потребна документација на македонски и англиски јазик треба да се достави до: Министерството за образование и наука најдоцна до 20 јануари, 2010 год. на следната адреса?

Министерство за образование и наука
Сектор за унапредување на науката
и техничко–технолошкиот развој
бул. „Мито Хаџивасилев Јасмин„ 66 (кат 14)
1000 Скопје

Евалуацијата за потребата од набавка на лаборатории по поднесените апликации ќе биде спроведена од страна на експертски тим составен од научни работници од сите научни подрачја во рок од 40 дена.

Лица за контакт: Јулијана Балевска и Александар Тутновски
тел: (02)3140–186